ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 94**

**Скопје, 9.12.2022 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-стручни (лекторски) звања по група предмети за областа англиски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитет Американ колеџ Скопје

**Стр. 8**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-стручни (лекторски) звања по група предмети за областа германски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитет Американ колеџ Скопје

**Стр. 12**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-стручни (лекторски) звања по група предмети за областа македонски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитет Американ колеџ Скопје

**РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-СТРУЧНИ (ЛЕКТОРСКИ) ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ЗА ОБЛАСТА АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 17-849/5 од 20.9.2022 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици, одржана на 20 септември 2022 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-стручни (лекторски) звања по група предмети за област англиски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитетот Американ колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник *„Слободен печат“* на 24 јуни 2022 година. Во предвидениот рок се пријави:

1. *М-р Тамара Јолевска-Попов*

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици да му го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

***Биографски податоци***

Тамара Јолевска-Попов е родена во Скопје на 30.03.1987 година. Основното образование го завршува во Скопје. Средното образование го започнува во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје. По завршувањето на втората година, ја добива престижната стипендија на Head Masters Conference (HMC) од Велика Британија, по што кандидатката третата и четвртата година од средното образование ги завршува во Бромсгроув Скул, Бирмингем, Велика Британија. Во ова училиште, кое негува култура на фокусирано образование, кандидатката изучува англиска литература, драма и театарски студии, странски јазици (шпански и француски) и англиски како втор јазик (ESL), со методологија во сите предмети. По завршување на средното образование, во 2005 година кандидатката се запишува на катедрата по англиски јазик и книжевност, наставна насока, со шпански јазик како втор јазик, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Таа дипломира во 2010 година со просек 9,2 и пофалба за високите резултати, стекнувајќи се со стручен назив – дипломиран професор по англиски јазик и книжевност со шпански јазик и книжевност – наставна насока. За време на додипломските студии изработува кратка студија под менторство на проф. д-р Зозе Мургоски, во која истражува и повлекува паралела помеѓу македонските и англиските идиоматски фрази, наречена „Coming to terms with current idiomatic English“.

Во учебната 2011/2012 година се запишува на постдипломски студии по англиски јазик и книжевност, на насоката ТЕСОЛ – Предавање англиски на говорители на други јазици при Универзитетот Американ колеџ Скопје. Испитите од постдипломските студии Тамара Јолевска-Попов ги има положено со висок просек од А-, 94% (еквивалентно на 10). За време на постдипломските студии има учествувано на работилницата на работната мрежа „Решица“ за пишување на студии на случај (во Кавадарци, 2013 година, а учесници се реномирани универзитетски професори од Македонија, Србија и Словенија). На 1.11.2018 година, кандидатката го брани својот магистерски труд на тема „The use of cases as a teaching tool in business communication - a comparative study”, под менторство на проф. д-р Марјан Бојаџиев, со оцена А. Трудот вклучува првична практична работа на изготвување на студии на случај по оригинални и никогаш некористени сценарија, изработување на инструкции за нивна употреба, а на крајот и практично истражување на употребата на овие студии во рамките на Универзитетот Американ Колеџ Скопје. По одбраната, таа се стекнува со академскиот степен магистер.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Тамара има повеќе од 10-годишно работно искуство во предавањето на англискиот и шпанскиот јазик со широк спектар на возрасни групи. Во 2018 година почнува да работи на Универзитетот Американ колеџ Скопје и во средното училиште „Американска гимназија Скопје“. На Универзитетот учествува во наставата по предметите англиски како странски јазик за наставни групи од другите факултети, академско пишување 1, современ англиски јазик 5 и деловна комуникација, а во средното училиште во наставата по предметите англиски јазик 1 и 2. Кандидатката е активна во научната фела со најзините лекторски активности како дел од научни и стручни списанија „Македонски фармацевтски билтен“. Кандидатката е еден од преведувачите на енциклопедијата „Музика“ на издавачот „Академска книга“. Дополнително на тоа, Тамара е два пати објавен автор на збирки кратки раскази на македонски јазик, „Ге-дур“ и „Скопје ти раскинуем“, поддржани од Министерството за култура. Во периодот помеѓу првиот и вториот реферат, кандидатката изработи голем број на научни студии, учествуваше на научни и стрчни конференции, а дополнително е и докторанд на Универзитетот Св. Кирил и Методиј. Објавени студии:

1. Jolevska Popov, T. et al.,*Effects of the Genre of Business Cases in the Business Communication Classroom in Higher Education Institutions*. UACS Conference Proceedings, Skopje, 2019
2. Jolevska Popov, T., Jordanova-Peshevska, D. and Marjan I. Bojadziev. *Students' Perception of Englishisation on the Level of Higher Education through Instruction and Curricula in non-Anglophone European Universities.* International Academic Institute Conference Proceedings, Skopje, 2019
3. Jolevska Popov, T., Mileva, I. *Students' Perceptions and Preferences Concerning the Use of Case Studies in the Business and Business Communication Classroom.* International Academic Institute Conference Proceedings, Barcelona, 2020
4. Tomevska-Ilievska, B., et al. *Interactive Models in University Teaching: Application in Pharmacy Education.*International Academic Institute Conference Proceedings, Budapest, 2020
5. Jolevska Popov, T., Trajanoska, I. and Jovanka Jovanchevska. *Multidisciplinarity in Focus: English Language and Business Educators Collaborating on Original Teaching Material.* ELTAM Journal, 2019
6. Trajanoska, I., Jolevska Popov, T. and Jovanka Jovanchevska. *Let us use nonfiction literary texts in the EFL classroom*. ELTAM Journal, 2019
7. Jolevska Popov, T., Trajkova, K. and Elena Penkova. *Demystifying the 21 Century Skills through Active Learning Approaches on the Sides of Educators and Learners.* Academic Institute Conference Proceedings, Belgrade 2020
8. Jolevska Popov, T., Vitanova-Strezova, S. GEORGE R. R. MARTIN'S ATTEMPT TO CONVEY CURRENT ISSUES TO HIS READERSHIP IN "A GAME OF THRONES" Postmodern literature in search of social awareness and change: The case of George R. R. Martin's "A Game of Thrones". UACS Conference Proceedings, Skopje, 2020

И едно поглавје во книга:

9. Jolevska Popov, T. and Vitanova-Strezova S., (2021) Current Idiomatic English for Macedonian*: Cambridge Scholar Publishing Limited. English in Non-English-speaking Countries: Practices, Perceptions, Challenges and Perspectives, London,* pg. 200-216

***Општествена дејност***

Кандидатката е активен член-волонтер на Британскиот совет, поточно во мрежата „Блу скај“ (која се занимава со проекти од културата) и „Криејтив ејт“ (младинска филмска мрежа), како идеен творец на филмските проекти. За еден од проектите има добиено и грант за снимање во просториите на Европскиот парламент во Брисел, со своја скратена филмска екипа.

Дополнително се занимава со општествено-одговорни активности поврзани со младите, спортот и животната средина.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на м-р Тамара Јолевска-Попов, личното познавање на кандидатката и одредбите на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Американ колеџ Скопје, рецензентската комисија констатира дека кандидатката покажува стручен и научен развој, го потврдува нејзиниот систематски пристап кон проблемите од нејзината научно-стручна и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека м-р Тамара Јолевска-Попов ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Универзитетот Американ колеџ Скопје да ја избере во звањето *виш лектор* по група предмети во областа на англискиот јазик.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Марјана Ванева, с.р,
Факултет за странски јазици,
Универзитет Американ колеџ Скопје

вон. проф. д-р Ивана Трајаноска-Стефановиќ, с.р,
Факултет за странски јазици,
Универзитет Американ колеџ Скопје

вон. проф. д-р Марија Тодорова, с.р,
Факултет за странски јазици,
Универзитет Американ колеџ Скопје

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-СТРУЧНИ (ЛЕКТОРСКИ) ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ЗА ОБЛАСТА ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје објавен во весникот СЛОБОДЕН ПЕЧАТ на 24 јуни 2022 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици со одлука бр. 17-849/6, донесена на седница одржана на 20 септември 2022 година, нѐ избра за членки на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-стручни (лекторски) звања за областа Германски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје.

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, чест ни е по разгледувањето на доставената документација за вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката, со нагласка на активностите од периодот меѓу последниот избор во 2018 година и денот на поднесувањето на пријавата, да го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

На конкурсот се пријави м-р Кети Христовска од Скопје.

***Биографија и образование***

М-р Кети Христовска е родена на 15 декември 1978 година во Прилеп. По завршувањето на средното образование во родниот град, во 1997 година се запишала на наставната насока на Катедрата за германски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Во 2002 година дипломирала со просечен успех 8,91 и ја стекнала дипломата професор по германски јазик. За време на студиите, кандидатката го усовршувала германскиот јазик во училиштето „Volkshochschule“ во рамките на едногодишниот престој во 2000 година во Франкфурт на Мајна, Германија. Во 2011 година се запишала на вториот циклус студии по Наука за јазикот – германски јазик на истиот Факултет. Испитите ги положила со просечна оцена 9,40. Одбранувајќи го магистерскиот труд под наслов: *Усвојување на комуникациската вештина слушање во наставата по германски јазик во основното образование*, во 2015 година се здобила со титулата магистер по филолошки науки во областа Наука за јазикот – германски јазик.

Кандидатката го владее и англискиот јазик на нивото Бе 1.

***Наставно-образовна дејност***

Од септември 2002 година, кандидатката работи како наставничка по германски јазик во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ – Центар во Скопје.

Со наставна дејност се занимава и како надворешна соработничка на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (од 2002 до денес), каде што како наставничка менторка ги држи практичните часови и учествува во изведувањето на практичните испити по Методика на наставата по германски јазик 4. Потоа уследил ангажманот како лекторка по предметите Светски јазици – германски јазик 1, 2, 3 и 4 на Факултетот за странски јазици во Скопје (од 2017 до денес).

За значајниот придонес во воспитно-образовниот процес, кандидатката била одликувана со повеќе награди доделени од Општината Центар во Скопје, од Институтот „Гете“ во Скопје и од Здружението на наставниците по германски јазик и книжевност на РМ.

М-р Христовска се истакнува со ангажиран, пресретлив и интегративен однос спрема учениците и студентите, применувајќи современи методско-дидактички пристапи во наставно-образовниот процес.

***Научноистражувачката дејност***

Научноистражувачката дејност на м-р Христовска опфаќа повеќе објавени статии од областа на германскиот јазик во неделникот *Наш свет* на издавачката куќа „Просветно дело“ од Скопје. Со рефератот под наслов „Förderung von Kommunikation und Kreativität mit Hilfe von EduApps im DaF-Unterricht in der Sekundarstufe 1“, учествувала на XXVII светска научна конференција за наставници по германски јазик (IDT 2022): *Mit Sprache teilhaben,* во организација на Меѓународното здружение на наставницте по германски јазик (IDV), на Австриското здружение за германски како странски/втор јазик (ÖDaF) и на Универзитетот во Виена; Виена, Австрија, 15.–20.8.2022.

Кандидатката постојано се надградувала во рамките на активностите организирани од Бирото за развој на образованието, на Институтот „Гете“, на издавачката куќа „Клет“, на Здружението за асистивна технологија, на Здружението на наставниците по германски јазик и книжевност на РМ и др., што може да се оцени како израз на голема амбиција и на исклучително голем стручно-научен и дидактичко-методски напредок.

М-р Христовска учествувала на следниве активности за усовршување во организација на Бирото за образованието: 1. вебинари: а) вебинари ЕДУИНО: „Методика и педагогија за квалитетна настава на далечина“ (2021), б) „Превртена училница – концепт, стратегии и ресурси потребни за спроведување“ (2021), в) „Интердисциплинарен пристап во наставата за климатските промени“ (2021), г) „Дизајнерско размислување како наставна метода за учениците од основното и од предучилишното образование“ (2021), д) „Училишна клима и наставна програма –градење училишна клима и култура со сесија за Развој и за воведување слободни изборни предмети и воннаставни активности“ (2021), ѓ) „Вовед во формативно оценување“ (2022), е) „Вовед во педагошките пристапи кон инклузивното, дигиталното и комбинираното учење за сите ученици“ (2022) и ж) „Вовед во наставните компетенции со техничка поддршка на наставата“ (2022) и 2. обука: „Иновации и претприемништво – реализација на наставната програма по Иновации за IX (деветто) одделение“ (2022).

Кандидатката се усовршувала во рамките на следниве активности, организирани од Институтот „Гете“: 1. тримесечните курсеви за усовршување на наставниците по германски јазик: а) според модулот DLL 4: „Задачи, вежби, интеракција“ (2016), б) според модулот DLL 7 „Проверка на знаењето, тестирање, евалуација“ (2016), г) според модулот DLL 6: „Предметна програма и планирање на наставата“ (2020), д) според модулот DLL 10: „Германски јазик за млади“ (2021) и ѓ) според модулот DLL 5 „Учебни помагала и наставни средства“ (2022); 2. вебинари: а) „Иднината на наставата во училница“ (2021), б) „Современи пристапи за проверка на знаењето, тестирање и евалуација“ (2021), в) „Современи пристапи за мерење на постигнувањата на учениците“ (2021), г) Дигитални компоненти во училишната настава по германски како странски јазик (2022) и 3) серијата вебинари „Држење онлајн настава“ (2021): а) според модулот 1 „Настава со конференциски алатки“ , б) според модулот 2 „Настава на онлајн платформи за учење“, в) според модулот 3 „Настава со дигитални алатки и апликации“ и г) според модулот 4 „Комбинирање на настава во училница и на онлајн настава“.

М-р Христовска зела учество на вебинари одржани од издавачката куќа „Клет“: а) „Холистичка настава и учење: зарем не е тоа фантастично?“ (2021), б) „Разноликост на медиумите во новиот учебник по германски јазик *Контекст*“ (2021), в) „*Линија 1 занимање*: учебник за германски јазик за занимања“ (2021), г) „*Здраво Ана ној* – комплетен учебник“ (2021), д) „Кооперативо учење во (онлајн) наставата (2022) и ѓ) „Со асоциограми можете да постигнете повеќе отколку што мислите“ (2022).

Посебна можност за усовршување на кандидатката претставуваат обуките за инклузија на деца со посебни образовни потреби оргаизирани од Здружението за асистивна технологија во рамките на Проектот за технологија „Отворете ги прозорците“: а) „Примена на асистивна технологија во инклузивното образование“ (2020), б) „Детските права во образованието“ (2020) и в) „Методи, техники и алатки за индивидуализација на наставата“ (2021).

М-р Христовска се надградувала на вебинари во организација на Здружението на наставниците по германски јазик и книжевност на РМ (2022): а) „Дигитални алатки и употреба на Onedrive во наставата“ и б) „Изработка на тестови за наставата“.

***Стручно-апликативна дејност***

М-р Христовска вршела низа дејности во стручно-апликативната област. Во 2019 година, Педагошката служба при Министерство за образование и наука ја ангажирала како членка на Комисијата за давање стручно мислење за учебници по германски јазик за VI одделение за деветгодишното основно образование.

Како активна членка на Претседателството на Здружението на наставници по германски јазик и книжевност на РМ, кандидатката редовно учествува во изготвувањето тестови за регионални и за државни натпревари по германски јазик за учениците од средното образование и членува во Комисијата за изведување на државните напревари. Здружението на наставници по германски јазик и книжевност на РМ ѝ доделило повеќе пофалници за менторка на ученици што освоиле прво, второ и трето место на регионалните и на државните натпревари по германски јазик.

***Дејности од поширок интерес***

М-р Христовска е добитничка на награди и на признанија. За значајниот придонес во воспитно-образовниот процес во учебната 2015/2016 година, одликувана е со пофалница од Општината Центар во Скопје за најдобар наставник во предметната настава во ООУ„Свети Кирил и Методиј“. Во 2017 година, Институтот „Гете“ ѝ ја доделил наградата „Наставник на годината“ за проектот *Размена меѓу ученици од Македонија и од Аргентина*, а во 2019 година ѝ ја врачил наградата „Deutschlehrer-preis – најдобар наставник по германски јазик“. Министерството за образование и наука ѝ доделило повеќе награди за менторка на ученици што освоиле прво место на натпреварите по германски јазик на државно ниво.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за наставно-образовната, за научно-истражувачката, за стручно-апликативната дејност и за дејностите од поширок интерес на м-р Кети Христовска, како и врз основа на одредбите на Законот за високото образование и на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје, констатираме дека кандидатката покажува постојан стручен и научен развој. Нејзината работа го потврдува систематскиот пристап кон прашањата од сите наведени области.

Имајќи ја предвид нејзината вкупна дејност, оценуваме дека м-р Кети Христовска ги исполнува предвидените законски и други услови и имаме чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје да ја избере во звањето *лектор* по група предмети во областа на Германскиот јазик.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Емилија Бојковска, с.р,
Филолошки факултет „Блаже Конески“,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

проф. д-р Емина Авдиќ, с.р,
Филолошки факултет „Блаже Конески“,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

проф. д-р Марјана Ванева, с.р,
Факултет за странски јазици,
Универзитет Американ колеџ Скопје

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-СТРУЧНИ (ЛЕКТОРСКИ) ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ЗА ОБЛАСТА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 17-849/7 од 20 септември 2022 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици, одржана на 20 септември 2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-стручни (лекторски) звања за областа македонски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитет Американ колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник *„Слободен печат“* на 24 јуни 2022 година. Во предвидениот рок се пријави:

1. *М-р Сузана Волнаровска-Спасовска*

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици да му го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

***Биографски податоци***

М-р Сузана В. Спасовска е родена на 3.6.1972 година во Ротердам, Холандија. Основно и средно образование завршила во Скопје. Дипломирала на Катедрата за македонски јазик во 1995 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, а магистрирала на Катедрата за општа и компаративна книжевност во 2002 година, од областа на теорија на стих на истиот факултет и се стекнала со звањето магистер по филолошки науки.

Од 1999 година работи како професионален лектор, откако го добила Уверението за положен лекторски испит што го издава Комисијата за полагање испит за лектор при Министерството за култура. Во меѓувреме, како професионален лектор работела на сите поголеми проекти од областа на книжевниот превод при Министерството за култура на РМ, „Превод на литературни дела од автори кои добиле Нобелова награда“ и „Ѕвездите на светската книжевност“. Континуирано соработува со национални културни установи и со приватни издавачки куќи.

Еден период работела како професор по македонски јазик во приватното македонско средно училиште Американско интернационално училиште во Македонија – Скопје, а една година работела како лектор во Ректоратот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“. Две години работела и како хонорарен лектор во дневниот весник „Утрински весник“. Во периодот од 2004 до 2014 година била еден од уредниците на списанието „Разгледи“. Главен уредник е на електронското списание за литература и други уметности „Блесок“.

Во 2015 година ја пријавува докторската дисертација од областа на историјата на литературата со посебен аспект на орфичката митема на Катедрата за општа и компаративна книжевност. Просекот остварен од факултетските студии изнесува 8,28, а од постдипломските 8,87. Во меѓувреме објавила и седум стихозбирки, заклучно со најновата „Кадуцеј и лира“, а една од нив влегла во најтесна конкуренција за националната награда за најдобра поетска книга „Браќа Миладиновци“, која ја доделуваат „Струшките вечери на поезијата“.

Минатата година ја објавила научната студија за слободниот стих *Слободата на стихот*, што е нејзината магистерска теза, која била во најтесна конкуренција за наградата „Димитар Митрев“ за најдобра книга есеи и критика што ја доделува Друштвото на писателите на Македонија.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Од 2017 година е ангажирана на Факултетот за странски јазици при Универзитетот Американ колеџ како предавач по Современ македонски јазик 1, за студентите од прва година на Факултетот за странски јазици, кој е едносеместрален наставен предмет. Од 2018 година го држи и предметот Современ македонски јазик – семинар, за групите студенти од Факултетот за деловна економија и организациони науки, Факултетот за компјутерска техника и информатика и Факултетот за политички науки. Од 2022 година го држи предметот Македонски јазик како странски за странските студенти. Од 2021 е редовно вработена на Универзитетот Американ колеџ.

Нејзини две студии се објавени во монографиите за Блаже Конески, „Како го читам Конески“ и „Како ме поттикнува Конески“, во организација на Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“, кои се четврта и шеста книга од едицијата „Македонски збор“. Настапува на научни симпозиуми и конференции од областа на литературата и фолклорот. Во тек е подготовката на нејзината докторска дисертација.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на м-р Сузана Волнаровска-Спасовска и одредбите на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Американ колеџ Скопје, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката покажува постојан стручен и научен развој. Нејзината наставна и научно-стручна работа има континуитет и го потврдува нејзиниот систематски пристап кон проблемите од нејзината научно-стручна и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека м-р Сузана Волнаровска-Спасовска ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Универзитетот Американ колеџ Скопје да ја избере во звањето *лектор* по група предмети во областа на македонскиот јазик.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Иван Додовски, с.р,
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ колеџ Скопје

вон. проф. д-р Снежана Петрова-Џамбазова, с.р,
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ Скопје

проф. д-р Марјана Ванева, с.р,
Факултет за странски јазици,
Универзитет Американ колеџ Скопје

# BULLETIN
OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323